www.greenlead-project.eu

АПРИЛ, 2025

# Билтен бр. 1

**Јакнење на капацитетите на зелените лидери за поодржлива иднина**



**Обликување на идните зелени лидери**

🌱

**Опремување на малите и средни претпријатија со алатки за зелена транзиција**

🍃

**Поттикнување зелени иновации во европските бизниси**

🌍

**Иновативна обука за позелена и конкурентна Европа**

*Прочитајте повеќе на: www.greenlead-project.eu*

## 🌿 Почеток на „Зелени лидери“

Со задоволство го објавуваме започнувањето на проектот „Зелени лидери“ (GreenLead), финансиран преку Erasmus+ програмата KA220 – партнерства за соработка во стручното образование и обука (СОО).

Проектот има за цел да дизајнира професионален профил на Зелениот лидер, како и да ги дефинира одговорностите на Зелениот сектор во малите и средни претпријатија (МСП).

GreenLead ќе им помогне на едукаторите и институциите за СОО за успешно да ја поддржат зелената транзиција на европските МСП.



На што работиме во моментот?

## Зелената транзиција при малите и средни претпријатија

Во рамки на GreenLead проектот, изготвивме инспиративен Извештај за зелената транзиција на малите и средни претпријатија во четирите држави-учеснички - Шпанија, Словенија, Грција и Македонија, кој наскоро ќе биде достапен на веб-страницата на проектот на сите четири јазици на партнерите и Англиски. Извештајот вклучува интересни сознанија за капацитетите, интересите и зелените активности на претпријатијата, добиени преку декс истражување и онлајн анкета со повеќе од 200 претставници на мали и средни претпријатија и 40 обучувачи за стручно образование и обука.

Извештајот ќе биде основа за дефинирање на профилите на Зелен лидер и зелен сектор, како и за развој на наставната програма за нивна обука.

***Наскоро достапен на веб-страницата***




Status quo on European SMEs' Green Transition

## Партнери во проектот

- ✅ Стопанска комора Теруел, Шпанија
- ✅ Innovation Hive, Грција
- ✅ Меѓународно училиште за постдипломски студии - Јозеф Стефан, Словенија
- ✅ Eco Logic, Македонија
- ✅ Политехнички, Шпанија
- ✅ АКМІ, Грција






## Во јануари, партнерите се сретнаа во Шпанија за да го стартуваат GreenLead

Еразмус+ проектот GREENLEAD официјално започна со партнерски состанокот кој во јануари 2025 г. се одржа во Теруел, Шпанија. Проектот вклучува серија активности кои имаат за цел да понудат поддршка на малите и средните претпријатија во процесот на нивна зелена транзиција.

Клучни теми за кои се разговараше:

- ✅ Дефинирање на профилот „Зелен лидер“.
- ✅ Истражување за практиките за одржливост на МСП
- ✅ Дисеминација и достапност
- ✅ Зелениот прирачник



## Сакате да станете дел од GreenLead проектот? Вклучете се!

✅ Доколку сте мало, средно или микро претпријатие, можете да се вклучите во пилот активностите предвидени за 10 претпријатија од секоја од земјите-учеснички во проектот. Пилот активностите ќе опфатат воведни лекции или вебинари, модуларна онлајн обука и самостојно учење преку вежби достапни на платформата за е-учење.

✅ Може да ни се придружите на мултипликаторните настани во Шпанија, Словенија, Грција и Македонија.

✅ Можете да ги искористите нашите материјали, достапни на **веб-страницата и платформата на проектот**.

Следете не:

Cámara Teruel

eco LOGIC

AKMH THE LEADER IN EDUCATION

MEDNARODNA PODIPLOMSKA ŠOLA JOŽEFA STEFANA · MMIV ·

POLITEKNIKA TXORIERRI

Innovation Hive

Контактирајте не:

GREENLEAD
Erasmus+ project
✉ greenleadproject@gmail.com

GREENLEAD

Co-funded by the European Union

Финансиран од Европската Унија. Сепак, ставовите и мислењата искажани тука се само на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту EACEA можат да бидат одговорни за нив.